Општина Гази Баба

ВЕСНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ДЕКЕМВРИ 2007 / ЈАНУАРИ 2008 - БРОЈ 8



# Среќна нова 2008 година

# Следната година ќе биде



**Колкав ќе биде буџетот на општината за следната година?**

- Во 2008 година ќе имаме нешто поголем буџет отколку оваа. Тој ќе изнесува околу 325 милиони денари, а минатиот беше 316 милиони. Притоа во оваа сума не се вклучени трансферите за платите во образованието, кои ќе ги добиваме затоа што влегуваме во втората фаза од децентрализацијата. Не сакавме да го предимензионираме буџетот, бидејќи претходната година немаше многу инвестиции. Правевме многу подготовки и се надеваме дека 2008 година ќе биде најдобра за општината, според инвестициите и приливот на пари. И оваа година отплатуваме заостанат долг од околу 30 до 40 милиони денари направен од претходниот градоначалник Борче Стефановски. Вкупниот наследен долг беше два милиони евра.

**- Можно ли е во следната година да очекуваме општината Гази Баба целосно да се исчисти од долгови?**

- Да, сигурно. Всушност, сметаме дека тоа ќе се случи уште на самиот почеток на годината.

**- Кои се главните проекти во инфраструктурата што можеме да ги очекуваме?**

- Прво, мислиме дека сигурно ќе се заврши главниот вод на фекалната канализација од Вардар до Инџиково. Тој проект го води јавното претпријатие "Водовод и канализација". Годинава се заврши најтешкиот дел од работата, на местата каде што требаше да се копа најдлабоко и каде што излегуваа највисоките подземни води. Од државниот буџет обезбедивме еден милион евра и тие ќе му ги префрлиме на "Водовод". Самото претпријатие ќе вложи уште толку и се надеваме дека со тие пари ќе биде направен овој крак. Со тоа ќе се спасиме од еден многу голем еколошки проблем, бидејќи оваа фекална канализација е слепа, а во погорните делови на неа се приклучени голем број домаќинства. Сето тоа се излева во Инџиково. Ќе бидеме подготвени за секундарната мрежа, но ќе направиме кампања меѓу населението од Инџиково, Сингелиќ и Стајковци дека и тоа ќе треба да учествува во финансирањето. Вториот проект е за фекална канализација од Трубарево преку Скопско Поле и Јурумлери до Колонија Идризово и потоа преку затворот Идризово до Вардар. Проектот е во завршна фаза и се надеваме дека во вториот дел од 2008 година ќе обезбедиме голем процент од парите што се потребни за тој да се спроведе, па според нашите планови, изградбата треба да почне на почетокот од 2009 година.

**- Што е со водоснабдувањето?**

- На тој план оваа година ги решивме проблемите во Булачани и Раштак, се работи во Страчинци, значи ќе останат мали делови од населените места кои што ќе треба да се обезбедат со водоснабдување. Тоа е потребно во Трубарево зад пругата. Значајна е водоводната и канализациската мрежа во населбата Камник, но граѓаните треба да почнат со легализација на објектите.Деталниот урбанистички план е донесен, но процентот на легализирани објекти е одвај пет отсто.

**- Колку ќе се работи на улиците и на патиштата?**

- Планираме да се асфалтираат голем дел од улиците во населените места, но и да се поврзат две места, Брњарци и Стајковци со нов пат. Секако, ќе се работи и на тротоарите во урбаниот и во руралниот дел, и тоа во Црешево, Сингелиќ, Стајковци, Ченто, Автокоманда и Железара. Очекуваме градот да изгради тротоари на најпрометните делови од улиците што се во негова надлежност, како Благоја Стевковски и Маџари. Се планира и нов плоштад и парк Гази Баба, кој ќе биде лоциран меѓу градинката и воената кула во Автокоманда.

**- Каде може да се очекуваат повеќе активности, во урбаниот или во руралниот дел на општината?**

- Ние и во урбаниот дел имаме големи проблеми. Населбите се стари по 40 до 50 години, така што инфраструктурата и во Маџари, и во Триангла, и во Ченто, и во Керамидница, па и во Автокоманда е катастрофална. Подобра е во Железара и во Хиподром. Затоа ќе бидат потребни подеднакви инвестиции во двата дела, но особено на местата каде што има големи концентрации на население.

**- Колку се гради во општината Гази Баба и како очекувате да продолжи тој тренд?**

- Центарот на Скопје е поатрактивен за градба, но и Гази Баба има свои предности. Пред се, таа е надвор од централното подрачје, но на главниот пат кон Куманово и кон Велес. Многу малку се градат колективни станбени згради, но следната година планираме да се изградат станбени комплекси во Железара. При крај е решавањето на имотно-правните проблеми. За првпат по 20 години ќе се направи и нов детален урбанистички план за Автокоманда, кој ќе овозможи жителите да можат да прават доградби и надградби на зградите. Во почетокот на следната година ќе го донесеме и деталниот план за станбената населба Хиподром 2, во која ќе живеат околу 5.000 луѓе. Со тоа ќе се овозможи да се привлечат инвеститори и да се гради повеќе. Се планираат и нови згради во студентскиот дом "Стив Наумов", со што тој би добил во својата организираност и уреденост. Општината е вклучена во тоа преку изработка на детални урбанистички планови.

**- Како очекувате да продолжи изградбата на стопанските објекти?**

- Следната година ќе го донесеме деталниот урбанистички план за Стара Кланица, односно потегот од салонот на "Мерцедес" па се до семафорите кај "Славија". Тој простор е доста атрактивен и е блиску до центарот. Исто така планираме да го урбанизираме делот околу обиколницата, за кој сметаме дека ќе биде многу привлечна индустриска зона. И кај Трубарево се предвидува зона за индустрија, преку пренамена на земјоделското земјиште што е во близина на автопатот.

**- Традиционално општината Гази Баба има голема соработка со големите фирми на нејзиното подрачје. Како**



- Училишните објекти ги наследивме во многу лоша состојба. Годинава се направија санитарни јазли во неколку училишта, во "Наум Наумовски Борче", "Вера Јоциќ", "25 Мај", потоа изградивме две нови училници во Дане Крапчев. Мислам дека во 2008 година ќе се поправат сите санитарни јазли, како и подовите и прозорците во некои училишта. Влеговме во проектот на Владата за изградба на нови три основни училишта преку јавно-приватно партнерство - "Глигор Прличев", "Крсте Мисирков" и "Вера Јоциќ". Две училишни згради, "Наум Наумовски Борче" и "Вера Јоциќ" ќе се приклучат на парно.

**- Наследивте и неколку културни објекти. Што се случува со нив?**

- Тие ни беа отстапени од градот Скопје, но по неповолни услови. Отстапени се за десет години и можат да се користат само за културата, без дополнителни дејности. Многу се руинирани и се потребни големи пари за да се стават во функција. Со новиот детален урбанистички план за Автокоманда, ќе ја зголемиме маркичката за културниот дом и се надеваме дека ќе најдеме инвеститори за него. Исто така, ако градот го зголеми периодот за издавање на 20 години, ќе можеме да бараме инвеститори и за другите.

**- Како ќе се развива екологијата?**

- Има неколку проекти што се инплементираат. Тоа се планот и програмата за управување со отпад, студијата за управување со биоразградлив отпад и "Дендропарк" - училницата во природа. Еколошката состојба особено ќе се подобри со почетокот на работата на јавното претпријатие "Гази Баба", кое организирано ќе собира цврст отпад, смет и ќе чисти јавни површини, септички јами и слично. Најважно е

# најбериќетна за општината

**таа ќе се развива во иднина?**

- Имаме добра соработка со фирмите, особено со големите компании. Тие многу придонесуваат во развојот на општината, особено "Скопски саем" со неколку милиони денари, "Макстил" со уредувањето на паркови, патеки и друго, "Пивара Скопје" со изработка на патека од 2.000 квадратни метри, а и "Алкалоид" ни помага во некои делови.

**- Што се предвидва за развојот на спортот?**

Гази Баба е најспортската општина во Македонија, затоа што во нашиот општински сојуз членуваат најголемите фудбалски клубови. Во речиси сите населени места имаме фудбалски клубови освен во три, а се надеваме дека следната година ќе профункционираат и тие. Претходно ги оспособуваме игралиштата. Исто така, ќе изградиме три до четири игралишта за мал фудбал, во Триангла, Маџари, Јурумлери и во Инџиково. Успеавме првата спортска сала од проектот на Агенцијата за млади и спорт да биде почната во Гази Баба, се надеваме дека и прва ќе биде завршена. Планираме да го урбанизираме спортскиот центар Гази Баба во подножјето на паркшумата, каде што е игралиштето на фудбалските клубови Металург и Скопје, таму да се направи спортски комплекс со базен и со хотел. Очекуваме следната година тие да учествуваат во изградбата на плоштадот и на паркот во Автокоманда. Освен на овој начин, имаме соработка и со тоа што им праќаме луѓе за вработување, од списоците што ги правиме кога граѓаните доаѓаат и бараат работа кај нас. Како и секоја година, ќе организираме натпревари во мал фудбал, кошарка и во други спортови, а и понатаму ќе соработуваме со училишниот спортски сојуз.

**- Во каква состојба се училиштата и што се предвидува за нив?**

што постојано ќе го следиме загадувањето на животната средина и ќе преземаме соодветни мерки против загадувачите. Се планира и пошумување . Ние сме општина со најразвиена индустрија, а со тоа и можните загадувачи се најмногу кај нас. Затоа мораме да обрнеме поголемо внимание на екологијата.

**- Дали може да се очекува изградба на општинска зграда?**

- Мислам дека ќе може да се очекува. Можеме да ги почнеме активностите следната година. Имаме маркичка за општинска зграда токму на местото на сегашните бараки, но ги испитуваме имотно-правните односи. Потоа ќе биде полесно, затоа што веќе има инвеститори што се интересираат. Според мене, најдобро е општината да се наоѓа кај детската градинка во Автокоманда, од каде што би имало поглед на новиот плоштад и парк што ќе го изградиме.



■ На територијата на општина Гази Баба исчистени се каналите од вегетацијата. Ова е акција на владата на Р.М. а ја спроведуваа Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување и Водостопанство Вардар кое ги изведуваше работите. Каналите се чистеа рачно од тревите, трската и ситните грмушки. На подрачјето на општината исчистени се двата најголеми и најкритични канали, Идризовскиот и дел од Инџиковскиот канал. Овие канали претходната година беа чистени машински од заради долгогодишното нивно неодржување. Истите при дождови се најкритични поради појавата на подземни води. Со чистењето на каналите се зголеми проточноста а со тоа и можноста за поплави е драстично намалена. Комуналната инспекција на општина Гази Баба апелира граѓаните да не фрлаат шут и отпад во каналите а во населените места, пред дворовите, каналите сами да ги исчистат.





# Генерално чистење на општината

■ Општина Гази Баба во соработка со Ј.П. "Комунална Хигиена" и Ј.П. "Паркови и Зеленило" ја спроведоа акцијата за почиста општина. Акцијата вклучуваше Генерално чистење на диви депонии, отстранување на оштетените и превртените контејнери, генерално чистење на улиците и банкините и поставување на наменски контејнери за отсранување на стари и неупотребни предмети од домаќинствата. Во период од 20 дена чистењето на секоја урбана заедница се одвиваше според однапред определени датуми во соработка со жителите. По пролетното чистење ова е втора акција за почиста општина Гази Баба. Од 2008 година оваа практика се планира да има зголемена динамика со што би се подобрила хигиената на целата територија на општината.





## Успешно спроведена есенската дератизација

■ Општина Гази Баба ја споведе есенската дератизација на шахтите на своето подрачје. Цел на дератизацијата е уништување на глодарите (глувците) а со истата беа офатени околу 2000 шахти. По префрлањето на надлежностите од Град Скопје на општините, општина Гази Баба редово врши дератизација два пати во годината. Дератизацијата се изврши со препаратот "Бродилон" а работите ги изведува Заводот за здравствена заштита на Град Скопје во соработка со Ј.П. "Водовод и Канализација".




■ Со цел заштита и зачувување на карактеристичниот пејсаж Гази Баба, општината постави 5 информативни табли. На таблите стојат знаци за забрането влегување со возила, забрането палење оган и забрането фрлање на шут и отпад. Таблите се поставени на сите влезови во парк шумата. Оваа следува по неколкуте интервеции на комуналната инспекција за нарушување животната средина во парк шумата. Со оваа акција се надеваме дека во иднина ќе се намали бројот на штетни дејанија со цел зачувување на Карактеристичниот пејсаж Гази Баба.



# На чекор пред ризикот

■ Општина Гази Баба во соработка со СВР Скопје, Полициската станица во Гази Баба и со поддршка на канцеларијата на ОБСЕ во Скопје започнуваат со предлог проект "На чекор пред ризикот". Целта на овој предлог проект е намалување на асоцијалното и девијантно однесување на младата популација, градење на доверба меѓу населението и полицијата, подигање на свеста кај младите, утврдување на заедничките проблеми како и изнаоѓање начин за нивно решавање. Целна група ќе бидат учениците од средните училишта лоцирани на подрачје на Општина Гази Баба. На првичната средба и презентација пред директорите на училишта проектот наиде на голема поддршка од сите присутни. Проектот се очекува да се имплементира на самиот почеток во 2008 година.

■ Општина Гази Баба во соработка здружението на студенти на шумарскиот факултат-ДРЕН, Регионалниот еколошки центар, Шумарскиот факултет и Факултетот за земјоделски науки и храна го спроведуваат проектот "ДЕНДРОПАРК - УЧИЛНИЦА ВО ПРИРОДА". Дендропаркот е во рамките на Шумарскиот факултет и Факултетот на за земјоделски науки и храна во Автокоманда започнал да се формира во 1947 година. Тој претставува жива забирка на дрвја и грмушки од целит свет а во моментов има околу 230 видови. Сместени на толку мал простор, бројните видови даваат право да биде наречен планетарна урбана шума која не постои на друго место. Општина Гази Баба исклучително се гордее што на својата територија има вакви природни богатства и токму затоа со задоволство пристапи кон паретнерско учество во проектот "Дендропарк-училница во природа" релизиран од Здружението на студенти на Шумарски факултет "ДРЕН", а финансиран од Регионалниот еколошки центар РЕЦ, и поддршка од Општина Гази Баба, Шумарски факултет и Земјоделски факултет. Во рамките на проектот студентите од "Дрен" поставуваат 230 метални постаменти со карактеристиките на видовите на растенија и тоа со научно и народно име, ареал, екологија, специфичности и значење. Се изведоа и акции за разубаввување на дендропаркот при што се



направи и алпинетум со водена површина и камени жардињери кои го креираа самите студенти. Општина Гази БАба за Дендропаркот донираше 15 типски корпи за отпадоци и 4 клупи за починка на посетителите на дендропаркот. Значајна е да се напомене и високата оцена за проектот од страна на Данската делегација, кои се запознаа со дрвните видови кои се специфични и ендемски кај нас и на Балканскиот полуостров. Во рамките на проектот ќе се одржат и едукативни предавања на учениците во основните училишта во Општина Гази Баба за значењето на дендропаркот за нашата животна средина како и неговата непроценлива вредност во поглед на неговите општокорисни функции. Крајна цел е да се разубави но и афирмира Дендропаркот кој како своевидна специфичност треба да биде редовно свртилиште како на локалното население така и туристите кои го посетуваат Градот Скопје и Општина Гази Баба.



# Руралните средини

**Колку населени места ќе опслужува јавното претпријатие "Гази Баба"?**

- Јавното претпријатие "Гази Баба 2007" е формирано да опслужува вкупно 15 населени места во руралниот дел на општината, кои што не се опслужуваат од јавното претпријатие "Комунална хигиена". Тие се во два потега. Југоисточниот, од рампата во Маџари кон Идризово, опфаќајки ги населените места: Ергеле, Трубарево, Јурумлери, Гоце Делчев, Нова Колонија, Идризово и Дрма. Другиот потег е кон северниот дел, с. Сингелиќ, Стајковци, Црешево, Булачани, Смилковци, Раштак, Брњарци, Црешево, Страчинци и Виниче.

**- Кои дејности ќе ги извршува тоа?**

- Регистрирани сме да ги вршиме дејностите што се опфатени со Законот за комунални дејности и нашиот статут. Основни се собирањето, транспортирањето и депонирањето на цврстиот и на течниот отпад, одржувањето на страничните делови на улиците и каналите, уличното осветлување, чистењето на дивите депонии и превземање на дел од приватните водоводи што ги има во северниот дел во Виниче, Црешево, Булачани и во Раштак, кои што се во сопственост на месните заедници. Во нашиот домен спаѓаат и други услуги, но како претпријатието ќе се развива и ќе се опремува, така ќе ги преземаме и нив.

**- Колку вработени и каква опрема ќе има?**

- Се ќе зависи од начинот на дејствување и од бројот на корисниците. Сега тече првата фаза, односно создавање база на податоци за тоа колкав број домаќинства ќе опслужуваме. Врз основа на таа евиденција ќе можат да се направат понатамошните пресметки за бројот на вработени, возила и друга опрема.

**- Кога може да се очекува да почне да функционира претпријатието и кои ќе бидат првите дејности?**

- Приоритетни се две дејности. Во низинскиот дел добар дел од водоснабдувањето е решен, а проблем е сметот, но во северниот дел иако има приватни водоводи, тие се застарени и недоизградени. Значи, ќе се дејствува во зависност од приоритетите. Не можеме да кажеме кога ќе почнеме со работа, но сакаме тоа да се случи што поскоро, ако може уште веднаш од почетокот на годината.

**- Има ли барем приближни пресметки за бројот на домаќинствата?**

- Станува збор за околу осум до десет илјади семејства, но точниот број не можеме да го дознаеме, затоа што имаме низа проблеми. Во еден двор може да има две куќи и три семејства. Тука ќе настанат проблеми со евиденцијата. Сега вршиме непосредно ажурирање на списоците, во соработка со месните заедници.

**- Ќе биде ли проблем во функционирањето тоа што сите овие населени места се распоредени на огромен простор?**

- Проблем е токму тоа што има два потега. Затоа седиштето на претпријатието

ДУШКО СТОЈАНОВСКИ, ДИРЕКТОР НА ЈКП „ГАЗИ БАБА – 2007“

Прво мора да се направи база на податоци за сите корисници, за да може да се набави опрема, да се вработат луѓе и јавното претпријатие да почне со работа





ќе треба да биде на место од каде што ќе можат да се опслужуваат и двата крака. Таму ќе треба да биде управната зграда и гаражите и објектите за возилата и за опремата. Не можеме да се стационираме во еден дел, а другиот да го занемариме. Исто така, ќе имаме проблеми и во северниот дел, каде што местата се планински, па кога ќе падне снег возилата потешко ќе се движат. Во многу места има тесни улици, па поради тоа ќе мораме да најдеме најприфатливи решенија. Така, ќе бидат потребни специјални и мали возила, но и да се формираат собирни и претоварни пунктови.

**- Во кои депонии ќе се транспортира сметот?**

- Само во една, а тоа е јавната депонија "Дрисла". Тоа ќе се врши од еколошки причини. "Дрисла" е јавно претпријатие што се финансира од депонираниот смет, а нашето претпријатие ќе се финансира од сметките. Ако успееме да направиме организиран систем да ги извршиме работите, но и да наплатиме за тоа, јавното претпријатие ќе биде успешно. Напорот ќе биде голем, ќе го едуцираме населението за тоа како да управува со отпадот, за да собираме што помали количини, а сепак да биде чисто.

**- Подготвени ли се граѓаните да плаќаат за овие услуги?**

- Од досегашните анкети и разговори во самите места заклучивме дека и тие се згрозени од секојдневната слика, односно растурање на сметот по улиците, создавање вештачки депонии. Имаат надеж во јавното претпријатие. Тие се нафаќаат да плаќаат за тоа, свесни се дека ќе мораат да платат.

**- Дали очекувате соработка со "Комунална хигиена"?**

- Јавното комунално претпријатие на градот речиси не функционира, поради застарената опрема и возила, како и лошата организација. Тие немаат капацитет да опслужуваат уште поголем број на граѓани. Ако кај нив се случи реорганизација и нов пристап, би можело да има и соработка.

# ќе добијат почиста околина

**Кои се материјали се користени за да се напише монографијата на општината Гази Баба?**

Прво морам да изразам голема благодарност до градоначалникот Коце Трајановски, кој изрази желба да се напише монографија по повод 30 години од постоењето на општината Гази Баба. Самиот чин на пишување е долг и подразбира собирање материјали, архивски документи, стара литература, слики итн. По-






За населените места во Гази Баба постојат толку многу податоци што можат да се направат посебни монографии за секое од нив

# Од праисториска населба

големиот дел од документацијата што е внесена во монографијата се автентични архивски документи издадени од времето за кое што се однесува текстот и во конкретен случај тоа се старите турски тефтери од истанбулскиот архив и во кои за првпат се поместени податоци за населените места во општината Гази Баба, со имињата на жителите, со што се занимавале, даноците и за целиот нивни живот. Сите тие податоци не можат да се стават во монографијата, но би биле извонредни ако се пишуваат посебни книги за одредени населени места. И податоците за подоцнежниот период, како балканските војни, двете светски војни и по НОВ се исто така поткрепени со документи што ги донесов од белградскиот архив. Се користени материјали и од Бугарија, а за периодот меѓу двете светски војни имаше доста податоци и во архивот на Скопје.

**- Колкав период од развојот на општината опфаќа монографијата?**

- Почнува од праисторијата. Познато е дека на подрачјеото на денешната општина Гази Баба имало живот уште 4.000 години пред нашата ера. Таа е една од ретките територии каде што се откриени неолитски населени места со утврдени градби, како што е Тумба Маџари. Таму пулсирал животот и живеело население што се занимавало пред сè со трговија и со земјоделство. За жал, се уште во науката не е откриено кое е тоа население. Тие населби не биле утврдени со бедеми и со ѕидини, затоа што во тоа време воени конфликти немало. Овој простор продолжил да егзистира. Доаѓа периодот на античка Македонија и местото го населиле прво Пајонците, па античките Македонци, кои што се уште живеат овде. Многу важен факт е периодот на средниот век, за кој што за жал во нашата историографија е пишувано многу малку. Тогаш низ Гази Баба минувале многу важни патишта од исток кон запад и од север кон југ. Таа отсекогаш била место каде што се соединувале патиштата. Тогаш на овие простори почнала да се шири христијанската религија, од Македонија кон Европа. Затоа има многу места што се викаат црквишта или манастиришта. За жал, не знам од кои причини тие не се доволно проучени.

**- Кои се клучните моменти во развојот на подрачјето на општината?**

- Првиот е создавањето на Тумба Маџари, населба стара 6.000 години. Потоа клучен е периодот на формирањето на религиозни објекти. Во старите написи ги наоѓаме населените места Црешево, Раштак, Булачани, опишани на старословенски јазик. Тие се споменуваат уште во 11 век. Особено голем развој општината доживеала по Првата светска војна. Тогаш



## ПРОФ. Д-Р ЃОРЃИ МАЛКОВСКИ, АВТОР НА МОНОГРАФИЈАТА ЗА ГАЗИ БАБА

# до најиндустриска општина

Скопје почнало да се шири и на десната страна од Вардар, а овој простор уште од тогаш имал тенденција на економски развој. Гази Баба е една од првите територии што се индустријализирале. Тука никнале првите стопански објекти во Скопје, за што придонела местоположбата. Гази Баба е трансферзала што го поврзува Скопје со источна, северна и јужна Македонија. Освен тоа, тие се изградиле настрана од градот за да не го загадуваат. Имаме кожара, месна индустрија, кланици, керамичка индустрија, пивара и други објекти. И близината на Вардар бил битен фактор затоа што се сметало тука да се прави пристаниште, преку кое производите би се транспортирале до Солун. Тука се направила и првата гасна централа за електрична енергија во Маџари, додека во Македонија цели градови немале струја. Исто така, овде се направиле првите патишта, воена болница, па и командниот центар на југословенската армија, од каде што потекнува името на населбата Автокоманда. Со индустријализацијата почнале да се населуваат многу луѓе од целата земја, па така се создале населбите Автокоманда, Керамидница, Железара и други. Значи Гази Баба е првата економска и индустриска зона во Македонија и се уште е најразвиена.

**- Значи тоа ја прави Гази Баба посебна во однос на другите општини?**

- Да, токму индустрискиот развој. Особена експанзија тој доживеал по Втората светска војна. Целосно се сменил изгледот на ова подрачје, од простор со руинирани објекти во место со модерни станбени и стопански згради. За жал, изградбата инфраструктурата, пред се канализацијата не го следела развојот, но и тоа постепено се надминува. Првата општинска управа била формирана во 1976 година, кога раководството на Македонија увидело дека таа треба да се одвои како посебна единица.

**- Кои се најстарите постоечки населени места во општината?**

- Постојат податоци за многу места уште од турскиот или од постарите периоди. Меѓу најстарите се Раштак и Црешево, уште од средниот век.

**- Колку време беше потребно за сите податоци да се соберат и кој се беше вклучен во тимот што ја изработи монографијата?**



- Податоците се собираа околу две ипол години, а некои јас ги имав уште од претходно. Две години ги издвојував податоците за Гази Баба од другите. Моите асистенти многу ми помогнаа, но и колегите од Белград, Софија и од Истанбул. Најголема соработка имав со Емилија Кипровска, шеф на кабинетот на градоначалникот, која беше заедно со мене уште од самиот почеток. Исто така, морам да го споменам и Дејан Стојанов, со кого ја поминавме целата општинска територија за да ги сликаме важните места. На крајот сакам да нагласам дека се што е дадено за општината е како за целина, бидејќи не можат да се вметнат сите податоци. Но, постојат многу податоци за населените места како Црешево, Раштак, Булачани и други, доволни за да се направат посебни монографии за нив. Јас ја поседувам таа документација и сум подготвен да ја отстапам.

**Како комунален инспектор во Општина Гази Баба со какви проблеми најчесто се среќавате?**

Со оглед на тоа што општина Гази Баба е доста голема по површина и бројот на жители, проблемите се многубројни и секојдневни. Сепак би ги издвоил проблемите кои ги имаме со создавањето на дивите депонии во населените места во руралниот дел на општината, иако мини диви депонии секојдневно се создаваат и во урбаниот дел. Тука би го нагласил и фрлањето на фекалниот отпад од чистење на септичките јами, што се однесува на руралниот дел каде нема фекална канализација. Граѓаните често фрлаат и градежен шут на јавни површини, уништуваат урбаната опрема, како што се клупи, корпи за отпадоци, фонтани и детски игралишта. Проблеми се јавуваат И од затрупување и неодржување на одводните канали во населените места.

**Што е она што најмногу ви пречи кај граѓаните и во која сфера најмногу сте ангажирани?**

Најмногу ми пречи негрижата на одреден број на граѓани за сопствената околина и животната средина во целина. Како што се грижат за сопствениот двор, куќа, стан, така треба да се грижат и за јавните површини. Нашиот ангажман се состои во решавање на проблемите на граѓаните по основ на пријави од нивна страна, а кои се однесуваат на се она што го потенцирав во претходниот одговор.

**Успевате ли да се справите со проблемите и каде имавте годинава најмногу успех, а каде сеуште сметате дека треба најмниогу да се работи?**

Проблемите од комуналната сфера се секојдневни и разновидни. Постојано се решаваат, но постојано и се создаваат. Со нашето секојдневно ангажирање успеваме да одржиме одредено ниво на комунален ред. Најмногу треба да се работи на едукација и во создавање на позитивни навики кај граѓаните. Тие треба да разберат дека ако самите се грижат за околината ќе допринесат да имаат и да живеат во поздрава и поубава животна средина. Во овој дел медиумите можат и треба да имаат доста важна улога.

**Кои се вашите законски надлежности и на кој начин можете да ги натерате граѓаните или фирмите да го почитуваат комуналниот ред во општината?**

Надлежностите на комуналната инспекција произлегуваат од пет закони. Овластениот комунален инспектор поведува постапка по службена должност или по иницијатива на било кое правно или физичко лице. При поведување на постапката се применуваат одредбите од Законот за општа управна постапка, а тоа подразбира увид на самото место, сослушување странки и сведоци за што се составува записник за извршениот надзор. Во записникот посебно треба да се наведат фактите и записникот да биде



# Мора да се создадат



**ИНТЕРВЈУ СО ТРАЈАН ПЕТРОВСКИ, КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОР**



Со оглед на тоа што општина Гази Баба е доста голема по површина и бројот на жители, проблемите се многубројни и секојдневни. Сепак би ги издвоил проблемите кои ги имаме со создавањето на дивите депонии во населените места во руралниот дел на општината, иако мини диви депонии секојдневно се создаваат и во урбаниот дел

потпишан од страна на странката. Вака составениот записник понатаму се користи за издавање на решение и поднесување на прекршочна пријава доколку констатираните неправилности не се отстранат во определен рок. Со измените и дополнувањето на Законот за управување со отпад, комуналните инспектори имаат можност да изрекуваат прекршочна санкција - фиксна глоба, односно мандатна казна на самото место. Ова за граѓаните ќе биде непопуларна мерка, но со тек на времето очекуваните ефекти ќе бидат постигнати.

**Каква е вашата соработка со граѓаните и со другите институции во решавањето на проблемите од комунална сфера?**

Соработката со граѓаните што ја имаме е добра, но во исто време таа соработка е и потребна. Пријавите од граѓаните за одредени нарушувања на комуналниот ред ни помагаат во работата. Покрај скоро секојдневна контрола на теренот не можеме секаде на време да стасаме. Посебно би ја истакнал соработката со урбаните и месните заедници. Тие ја следат состојбата во своите средини и заеднички настојуваме да ги решаваме приоритетните проблеми. Во одредени случаи бараме помош и од полицијата. Тие во рамките на своите овластувања ни помагаат. Неминовна е и соработката со јавните претпријатија која ја имаме. Малиот број на работници ангажирани на територијата на општина Гази Баба е основниот проблем за одржување на хигиената на јавните површини.

**На што најмногу ќе треба да работите во текот на наредната година со цел да го подигнете нивото на комуналното живеење во Општината?**

Генерално комуналната инспекција работи во спроведување на законите во нејзина надлежност. Ако нема прекршување на законот ќе нема и комунален неред. Затоа ќе работиме на поголема контрола над јавните претпријатија надлежни за одржување на хигиената на јавните површини, како и на организирање и одржување на трибини за подигање на јавната свест кај граѓаните.

# позитивни навики кај граѓаните

**Која е вашата надлежност во Општина Гази Баба?**

Како советник за комунални работи одговорен сум за целокупната комунална инфраструктура на територија на Општина Гази Баба. Со тоа и спектарот на надлежностите кои се во мојот домен е широк. Работа секогаш има, но настојуваме истата успешно да ја завршиме и да ги реализираме зацртаните проекти.

**Кои проекти од вашата област на работа се успешно реализирани во текот на 2007 година?**

Станува збор за повеќе проекти. Тука би ја споменал изградбата на втората фаза од водоводот во населеното место Булачани, односно делот лоциран покрај локалниот пат. Во текот на оваа година реализиран е и зафатот за довод на вода до постоечкиот резервоар за водоснабдување на населеното место Раштак. Годинава се работеше и во Страчинци, каде е наравен цевковод до постоечкиот резервоар за водоснабдување. Работевме и на проекти како што е реконструкција и поплочување на тротоарот од левата страна на улицата "Лазар Поп Трајков". Ассфалтирани се и 4200 квадратни метри улици во населеното место Гоце Делчев, а комплетно се изведени и 3 спортски терени за мал фудбал и баскет и 2 детски игралишта.

**Сигурнио има и проекти кои останаа да се реализираат во текот на наредната година. Што е она што треба да се дозаврши, а е започнато оваа**

# Успешно ја реализираме за

## ИНТЕРВЈУ СО БЛАГОЈА К`ЧЕВ, СОВЕТНИК ЗА КОМУНАЛНИ РАБОТИ



**година?**

Има и такви проекти. За наредната година останува да се изгради сквер со спортско рекреативен терен и детско игралиште на улицата М. А. Ченто, кај семафорите. Во населените места Булачани, Раштак И Страчинци каде годинава се изведени доводи на вода, ќе бидат поставени и водомери. На десната страна од улицата "Лазар Поп Трајков", ќе се реконструира тротоар. Останува да се асфалтира и делницата на локалниот пат од Раштак кон населбата Бутел, како и да се изгради дел од примарната фекална канализација во населеното место Гоце Делчев, која беше започната изминатите години. Во план е и комплетно завршување на кракот од улицата Јужноморавски бригади према гробиштата Камник.

**Кој проект би го издвоиле како најзначаен за жителите на Општина Гази Баба?**

Тука сигуирно би го потенцирал почетокот на изградбата на фекалниот колектор од реката Вардар до автопатот меѓу населените места Хиподром и Инџиково. Со раелизација на овој проект мештаните конечно би го решиле долгогодишниот проблем кој го имаат со фекалната канализација, особено во дождливиот период кога доаѓа до излевање на фекалиите, што пак, од друга страна претставува и голема еколошка опсаност за овој дел од Општината.

# цртаната програма





Голем дел од планираните проекти се реализирани. Дел од нив останува да се дозавршат во текот на наредната година, но почетокот на изградбата на фекалниот колектор од автопатот кон населените места Хиподром и Инџиково би го издвоил како најзначаен за Општината и особено населението во овој дел од градот

**Каква е вашата соработка со граѓаните и другите институции во реализација на проектите?**

Соработката со месното население е одлична, бидејќи без нивната поддршка реализација на било кој проект би била и потешка и подолга. Ние од Општината особено внимание обрнуваме на односите со сите институции во државата, бидејќи сметаме дека со добра соработка многу подобро се решаваат сите проблема доколку се појават.

**Како се справувате со финансиите кои ви се на располагање и дали сметате дека се потребни повеќе средства за реализација на зацртаните проекти?**

Во однос на финансиите нагласувам дека во Општина Гази Баба секоја година градоначалникот на општината на основ предлог програмите предлага Буџет за наредната година, а буџетот го усвојува советот на Општината. После тоа ние во рамките на усвоеното ги реализираме нашите програми. Сметам дека колку и да има средства за комунални објекти во буџетот на опптината, тие ќе бидат недоволни со оглед на состојбата на комуналната инфраструктура во Општината.

**Какви се плановите за наредната година и на што најмногу според Вас, ќе треба да се обрне внимание?**

Ние стандардно и 2008 година продолжуваме со крпење на ударни дупки и асфалтирање на пооделни делници од улиците низ населбите и населените места. Изведба на делници од водоводна мрежа и секундарна фекална канализација, поплочување на руинираните тротоари со павер елементи, како и изградба на скверови и детски игралишта заедно со спортски терени за мал фудбал и баскет. Она што е приоритет за општината во однос на комунална инфраструктура е секако побрза изградба на фекалниот колектор, бидејќи по неговата изведба следи изградба на секундарна фекална канализација низ населените места Инџиково, Питу Гули, Тумба, Синѓелиќ, Стајковци со дел од населбите М.А. Ченто, Хиподром и Маџари. Како втор приоритет го сметаме почетокот на работите на изведбата на примарниот водовод по булеварот Александар Македонски од клучката кај Агросервисот кон населбите М. А. Ченто, Маџари и Хиподром, заедно со работите на новата пумпна станица и резервоар, кои би го подобриле водоснабдувањето во целиот овој регион.

## ЗАМЕНА НА ЗАСТАРЕНАТА УЛИЧНА ЕЛЕКТРИЧНА МРЕЖА

Општината Гази Баба е веќе 95 проценти осветлена. Проблеми со светлувањето и речиси да нема во урбаниот дел. Нема улица која може да се посочи како критична, мрачна, како опасна за минување, се разбира со исклучок, оние 5 проценти до стотте за кој одговорните се надеваат дека ќе бидат надминати до Нова Година . Сето тоа, благодарение на заложбите на градоначалникот Коце Трајановски и на тимот, но и фирмите задолжени за поставување, но и за одржување на уличното осветлување.

Дека тоа е навистина така, говорат и фактите, но и направеното во годинава која полека изминува.

Според, Љубе Коцески, референт за оперативно-технички работи и задолжен за осветлувањето во оваа општина, годинава се поставени околу 200 нови канделабри на пешачки патеки , а со рефлектори се осветлени и повеќе игралишта и скверови во општината.

-Осветлени се пешачките патеки зад салонот Мебло, почнувајќи од улицата "Срејко Пужалка", се до улицата "Товарник", во населбата Ченто, патеката на последната автобуска станица 45, што започнува од над бензинската пумпа, па се до улицата "Фуштанска", исто така во населбата Ченто, патеките околу лимените згради на Триангла, а во тек е поставувањето на рефлектори на игралиштето кај лимоните згради, кои се наоѓаат на претпоследната автобуска станица "45", кај семафорите, исто така во населбата Ченто, информира Коцески.

Воедно, предвидено е и осветлување на игралиштето за мал фудбал, лоцирано на границата меѓу улиците "Алија Авдовиќ" и "Јане Сандански", во населеното место Сингелиќ. Осветлени се и игралиштата, но и црквите во повеќе села. А една од нив е и црквата во селото Стајковци.

И не само тоа, заменети се старите и дотраени електрични инсталации, но и бандерите во речиси сите населени места. Заменета е електричната инсталација во населбата Автокоманда, која е стара уште од педесетите години.

-Се работеше за замена на старите дрвени бандери, голите дотраени жици обраснати во дрвја, кои предизвикуваа чести дефекти, но претставуваа и опасност по животот на граѓаните. Поправени беа и неколку скршени бандери., објасни Коцески.

Исто така, осветелени се населбата Ќерамидница и пешачката патека во населбата Железара која води до влезот на средното училиште "Панче Арсовски", како и "Паркот на уметноста".

Заменети се повеќе искршени столбови од сообраќајни незгоди на улиците "Палмиро Тољати", "Финска", и "Срејко Пужалка", во населбата Ченто.

Најголем проблем според Коцески претставува осветлувањето во руралните делови од општината, пред се во населените места располани во подножјето на Скопска Црна Гора, како што се Брњарци, Економија, дел од Инџиково, Сингелиќ, се до Рашатак., поради слабиот напон на електричната енергија.

-Тоа често пати се случува токму во руралните подрачја каде што снабдувањето со електрична енергија е многу слабо. Поради, многу малиот напон, почесто прегоруваат светилки, пригушници, фасонки, поточно дополнителните елементи на едно светлечко тело. Минатата година ЕСМ-ЕВН вети дека во овие села ќе изгради 110 киловолтна трафостаница, но, за жал, тоа не го сторија, нагласи Коцески, додавајќи дека општината се труди колку што може да биде поефикасна и навреме да реагира, со тоа што ќе одговори на барањата и ќе им излезе во пресрет на потребите на граѓаните .

Коцевски истакна дека е останат само уште мал дел од општината во кој не е е извршена заменета на застарената електрична инсталација, но смета дека до Нова Година, општината ќе биде речиси целосно осветлена.

- За одржување на уличното осветлување и воопшто за осветлувањето во општината Гази Баба се задолжени шесте фирми: "Златомир Трејд", Електроизградба", "Елмак", "Елтра", "Дигитал" од Струмица, и "Винт", кои исто така се трудат да реагираат брзо и навреме, за да можат граѓаните што побезболно да го почувствуваат појавениот дефект, изајви Коцески .

Тој информираше дека во Програмата за одржување на осветлувањето во општината Га-



# Примената на современа технологија штеди електрична енергија



Годинава се поставени околу 200 нови канделабри на пешачки патеки , а со рефлектори се осветлени и повеќе игралишта и скверови во општината. Се работеше за замена на старите дрвени бандери, голите дотраени жици обраснати во дрвја, кои предизвикуваа чести дефекти, но претставуваа и опасност по животот на граѓаните



зи Баба се предвидени 4 милиони денари, кои најверојатно за малку ќе бидат надминати, поради поплавите, кои предизвикаа сериозни дефекти за чие отстранување беа потребни поголеми интревенции.

За наредната година Општината предвидува двојно повеќе средства наменети за осветлување . Со нив, ќе треба да се замени старата технологија врз основа на која функционира уличното осветлување во Железара, Ченто и други населби, а која постои уштеод периодот кога тие се изградени.

Во наредната година, Општината планира да ги замени со нови дел од столбовите на кои се поставуваат уличните светилки, а дел од старите, каде што тоа е можно да ги репарира.

-Наредната година, ќе бидат покриени со електрична инсталација оние делови од општината кои до сега воопшто и немаа, а ќе биде замената дотарената, вели Коцески. Старите улични светилки во населбата Железара ќе се заменат со нови во облик на топки.

-Старите светилки се 250 ватни, трошат многу струја, а сенилата им избледени. Со светилките кои се во форма на топки двојно се заштедува потрошуваката на енергија, а осветлувањето ќе има многу поголем ефекет.

Се предвидува и поставување нови линии улично осветлување, за што ќе се користат средства од Фондот за уредување на градежно земјиште, најавува Коцески, додавајќи дека на тој начин, Општината Гази Баба, комплетно ќе биде покриена со осветлување.

Во подобрување на осветлувањето во општината Гази Баба помагаат и самите граѓани.

-Имаме чести состаноци со претставници на Урбаните заедници, на кои се даваат предлози, посочуват места каде што треба да се реагира. Граѓаните ни ја олеснуваат работата, со тоа што ни укажуваат каде да интервенираме, бидејќи не можеме секогаш да знаеме каде има проблем,, дециден е Коцески. Тој посочи, доколку граѓаните имаат одредени проблеми со уличното осветлување можат да се обратат во општината или да го повикаат телефонскиот број: 075 284 410, а екипи задолжени за осветлувањето веднаш ќе излезат на терен и ќе го поправат дефектот.

Сепак, во поголем дел, луѓето се задоволни од тоа како општината води грижа за тоа граѓаните да не талкаат во мрак низ улиците.

Инаку, последниве три години, општината редовно ги намирува сметките за потрешаната електрична енергија, а ќе се доисплатат на уште неколку рати, заостанатите долгови за осветлување од претходното раководство.






# ОД 31-ГОДИШНИНАТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА



















# Успехот лежи и во соработк

Основното училиште ,,Стив Наумов,, е сместено во источниот дел на Скопје, во таканаречената индустриска зона на градот. За оние помалку упатените, тоа е лоцирано меѓу многуте претпријатија во населбата Автокоманда, на улицата "Лазар Поп Трајков". Во моментов во оваа образовна установа наставата од прво до осмо одделение ја посетуваат вкупно 810 ученици кои тука секојдевно стекнуваат нови знаења од своите наставници раководени од директорката Елена Панева.

**Можете ли да ни кажете нешто повеќе за историјата на основното училиште "Стив Наумов", но и за наставниот кадар кој работи во оваа образовна установа?**

Во 1948 година во Скопје беше изградена нова населба ,,Автокоманда,,. Тоа беше почеток на развојот на оваа воспитно - образовната установа. ОУ "Стив Наумов" - Скопје е осумгодишно училиште во кое учат децата од населбите Автокоманда, Керамидница и Триангла. Од вкупно 64 вработени, 49 се наставници кои несебично работат со учениците пренесувајќи им го своето знаење, но истовремено успешно ги реализираат зацртаните планови и проекти. Ова е сосема логично со оглед дека станува збор за високо едуциран наставен кадар кој перманентно, индивидуално и организирано работи на личното и организациското усовршување. Уилишната зграда,пак, располага со функционални и други просторни услови за изведување на воспитно-образовната дејност во училиштето.

**Несомнено училиштето има долг стаж на успешна едукативна работа. Што е она со што може да се пофали училиштето?**

Во училиштето секогаш се спроведувале, а и сега се спроведуваат активности од повеќе проектни програми. Тука можеме да го споменеме проектот "Активна настава-интерактивно учење", "Граѓанско образование на младите", "Младите за човекови права", "Европско јазично портфолио"-во наставата по француски јазик, "Економско образование на млади менаџери", "Курс за младинско работење" и така натаму. Успешно се работи и на часовите за слободни ученички активности. Особено успешно работи училишниот оркестар, хор, англиска секција, новинарската, ликовната, како и спортските секции за кошарка, фудбал и ракомет. Како резултат на ова добиени се многубројни награди на организирани регионални, општински и републички натпревари и конкурси. Училишниот оркестар со години наназад го освојува првото место на општинските и регионалните натпревари, а неколку пати и на републичките. Не помалку успешни се и училишниот хор и ликовната секција, односно учениците кои на многу ликовни колонии и конкурси редовно ги освојуват првите места. Значајни се и добиените награди од учеството на напреварите од областа на науката и техниката, прва помош и заштита, како и литературни конкурси на ниво на општина.

**Што е она на што во иднина ќе обрнете особено внимание кога е во прашање едукација на најмладите?**

И во оваа учебна година ќе се продолжи со спроведување на активностите како што се примена на информатичко компјутерска технологија во наставата. Тука е и проектот ТООЛКИД-компјутерска технологија во одделенската настава. Би го издвоиле и проектот за Европско јазично портфолио и неговата примена во наставата, како и оспособува, но и многу други проекти кои се особено значајни за поголема едукаци-

> Во 1948 година во Скопје беше изградена нова населба ,,Автокоманда,,. Тоа беше почеток на развојот на оваа воспитно - образовната установа од која произлегоа многу успешни генерации и заслужни граѓани во нашето општество



ИНТЕРВЈУ СО ЕЛЕНА ПАНЕВА, ДИРЕКТОР НА О.У. „СТИВ НАУМОВ"



ја и оспособување на учениците за понатамошен нивен развој и едукативно усовршување. Нашата визија е да го подобриме знаењето на учениците во современи услови на наставата која ќе ја реализираат компетентни кадри. Значи дека во иднина ќе се фокусираме на остварување на оваа наша визија.

**Како образовна установа сигурно се серќавате и со одредени проблема во своето работење. Од каков вид се проблемите?**

Сигурно дека имаме и одредени проблеми во нашата секојдневна работа. Тука се проблемите поврзани со состојбата на објектот. Ова е стара зграда, оградата е руинирана, имаме проблема во одржувањето на дворот, стари наставни средства, а имаме и потреба од обуки за наставниците. Потребите на училиштето се големи, но имаме приоритети кои ги поставивме пред нас. Тоа е обновување и реконструкција на училишната зграда и дворот, набавка на нови наставни средства и реквизити, воведување на современи методи на изведување на наставата, пернаментно дообразование на наставниците и уште поголема соработка со советот на родители, иако и до сега имавме одлична соработка, а тоа е и еден од сегментите на успешното функционирање на училиштето.

**Како се справувате со потребата од финансиските средства кои сигурно се неопходни за реализација на сите зацртани планови и проекти?**

За реализирање на овие потреби е потребна финансиска подлога која ја обезбедуваме од разни фондови при Министерството за образование, од општината, од разни проекти и се надеваме и од донации од разни фирми во кои сме аплицирале, како што се Макстил, Алкалоид, Космофон. Секако овие средства не се секогаш доволни за потполно реализирање на нашите приоритети, но соработката со локалната средина е многу голема особено со општината, а најверќе со Градоначалникот кој често ни помага во решавање на некои наши проблеми. Во иднина очекуваме оваа соработка уште повеќе да се засили и зголеми.

**Од клупите на вашето училиште излегоа многу генерации. Дали имате некакви сознанија за нивниот понатамошен развоен пат?**

Многу од учениците кои учеле во ова училиште денес се успешни граѓани и јавни личности. Тука ќе ги споменам претседателот на ДИК, Јован Јосифовски, младите водители Илија Псалтиров, кој воедно е и успешен пејач и композитор и Тања Атанасовска, потоа актерката Магдалена Ризова, пејачите Кефсер Селимова и Ацо Андонов, како и манекенката Маја Лазаревска. Има и успешни спортисти како што се познатите кошаркарски асови браќата Боцевски и боксерот Примислав Димовски. Неизоставно мора да го спомeнеме и докторот и руски академик Анѓелко Ѓорчев, младиот советник во министерството за култура Борис Јосифовски и портпаролот Златко Јанковски, но има и многу други имиња кои оставија белег во нашето општествено живеење.

# ата со советот на родители





**Кои проекти од областа на заштитата на животната средина беа спроведени во општината Гази Баба во текот на оваа година и кои од нив имаат посебно значење?**

Во текот на 2007 година беа реализирани повеќе проекти во сферата на животната средина, но за посебно истакнување е завршувањето и промоцијата на Локалниот акционен план за заштита на животна средина (ЛЕАП) на Општина Гази Баба. ЛЕАПОТ претставува стратешки план и развоен документ кој ја креира политиката на животната средина во општината преку идентификација на клучните еколошки проблеми како и предлози, мерки и активности за нивно решавање. Исто така, оваа година беше завршен и проектот "Шема за управување со животната средина-ЕМАС", финансиран од Британска амбасада, а во соработка со невладината организација ОРТ. Со овој проект општина Гази Баба се здоби со сертификат за стандард, што всушност претставува доказ дека општината функционира, се декларира и работи во корист на животната средина. Се креираше и еколошка политика на Општина Гази Баба . Треба да напоменат и проектите: "Цветни градини и тераси", кој се имплементира веќе две години и прераснува во традиционален. Во рамките на проектот се избираат и наградуваат најубаво уредените тераси и градини во општината. Наредната година овој проект ќе биде проширен



# Подигање на еколошката свест кај

и со категоријата блоковско зеленило или зеленило пред станбените згради. Се охабруваат жителите на општината уште од сега да почнат со подготовките за садење И уредување, а наградите ќе ги следат сите кои доволно ќе се потрудат. Исто така, од посебно значење е и проектот "Уредување и облагородување на парк-шумата "Гази Баба". Овој проект се организира веќе две години од страна на Општината Гази Баба. Во рамките на овој проект се изградени една летна училница, два павиљона, пет настрашници, едно детско игралиште, две декоративни чешми, исчистени се патеките, извршена е фитосанитарна сеча и засадени се над 300 декоративни садници. Исто така, одржан е и еко-час на присутните ученици од основните училишта во општина Гази Баба и се промовираше еко-патролата составена од членовите на еколошките секции во училиштата. Сепак, морам да напоменам дека свеста на граганите за жал, е на многу ниско ниво. Чешмите на два пати беа уривани, видиковците беа оштетени, а садниците украдени. Граганите мора да сфатат дека овие активности на Општината се за заедничко добро. Она што се создава треба и да се чува, одржува и надгардува. На тој начин ќе има повеќе и да им оставиме на наредните генерации.

**Како Општина Гази Баба влијае на подигање на свеста на граганите за здрава и чиста животна средина?**

Проблемот со ниското ниво на јавна еколошка свест е еден од приоритетите на Општина Гази Баба дефиниран и во ЛЕАП-от. Ова не е проблем само на Општина Гази Баба, туку е и национален проблем и би било подобро, полесно и пофункционално доколку и национално се решава. Во рамките на нашите ингеренции и можности, организираме трибини, јавни расправи и предавања за приоритетните еколошки проблеми. Оваа тема посебно беше разработена во проектот "Систем за одлучување во животната средина" имплементиран во изминатиот период од страна на Општина Гази Баба и Регионалниот еколошки центар. Овој проект имаше за цел на жителите да им ја претстави Архуската конвенција која подразбира право на пристап до информации за животната средина и право за донесување на одлуки за животната средина. Со проекти слични на овој се креира и надградува еколошката свест кај граганите. Потребни се повеќе едукативни мерки за подобрување на состојбата, а целната група треба да бидат најмладите кои и најмногу се интересираат за оваа област.

**На кој начин Општината Гази Баба превзема мерки за заштита на паркшумата "Гази Баба", иако е во ингеренција на Градот?**

Парк-шумата Гази Баба со Одлука на Град Скопје има статус на карактеристичен пејсаж Гази Баба и како таква е под ингеренции на Градот Скопје, а со неа стопанисува јавното претпријатие "Паркови и зеленило". Последниот проект на Општина Гази Баба за подобрување на состојбите во парк-шумата беше реализиран партнерски со Градот Скопје и "Паркови и зеленило", што е чекор напред во оваа соработка.

Парк-шумата е од посебно значење како за локалното население, така и за жителите на целиот град, бидејќи е еден вид природна бариера на штетните гасови од поранешната Железарница. Всушност тоа е шума со развиен еко-систем во срцето на една метропола. Но, ние сметаме дека и покрај нејзиното огромно значење, не и се придава заслуженото внимание. Иако не сме одговорна институци-



**РАЗГОВОР СО АЛЕКСАНДРА АВРАМОВСКА, ПОМЛАД СОРАБОТНИК ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

Се надеваме дека во иднина, во рамките на нашите можности, но во соработка и со министерствата, правните субјекти, донаторите и нелвладините организации ќе се потрудиме да ги решиме приоритетните еколшки проблеми, а со тоа и да придонесеме кон значително подобрување на квалитетот на животна средина во Општина Гази Баба, вели Аврамовска

давањето на дозволата. Истата постапка ќе важи и за останатите капацитети.

А интегрираните еколошки дозволи ги издава Министерството за животна средина, додека Б интегрираните еколошки дозволи Градот Скопје.

**Што планира Општината Гази Баба да презема на полето на здрава животна средина, во наредната 2008 година? Можат ли да се најават некои позначајни проекти кои се на повидок?**

Општина Гази Баба и понатаму планира да работи со динамично темпо на полето на животната средина. Планирана е изградба на нови зелени површини и паркови, а ќе продолжиме и со реализација на традиционалните проекти. Во фаза на имплементација се и три проекти кои ќе бидат завршени наредната година. Тоа се: "План и програма за управување со отпад во Општина Гази Баба" со кој се дефинираат количините и структурата на отпадот како и предлог мерки за негово управување односно собирање, селекција, намалување и депонирање. Овие програми ќе бидат основа за работење на новоформираното Јавно комунално претпријатие на Општина Гази Баба. Потоа, "Студија за управување со биоразградлив отпад", проект кој ќе ги дефинира количините на биоразградлив отпад на територија на општината и ќе даде предлог мерки за негово искористување-компостирање. Во рамките на проектот на неколку семејства ќе им бидат поделени и мини компостарки

# граѓаните приоритет за општината

ја, под притисок на граѓаните се трудиме колку што можеме повеќе да го афирмираме проблемот со нејзината запуштеност, деградација и узурпација. Тука се градат диво градби, се палат, уништуваат и сечат дрвјата, а некој само немо ги следи работите со надолен тек.

Општината Гази Баба постојано организира состаноци со одговорните институции со надеж дека конечно ќе се направи детален проект за овој карактеристичен пејсаж и во иднина постепено ќе се работи на негова имплементација. Од наша страна постоеше и предлог за прогласување на парк-шумата во втор Градски парк, со што би се добило повисок степен на заштита на истата и можност за поголемо инвестирање во неа. Останува на надлежните да ја решат судбината на ова толку важно парче зеленило, а ние и понатаму ќе се бориме и ќе дадеме се од себе за подобрување на состојбите.

**Во Општината Гази Баба се сконцентрирани најголем број индустриски капацитети, а кога ке се додаде и се поголемиот број на возила и автомобили, се доведува во прашање загаденоста на воздухот или поточно аерозагадувањето се зголемува. Што се превзема на тој план, се разбира во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање?**

Токму заради лоцираноста на индустријата на територијата на општина Гази Баба велиме дека таа е еколошки најсензитивна општина во Република Македонија. Заради тоа е потребно да се обрне најголемо внимание во оваа област. Сметаме дека е потребно да се зголеми бројот на мерни точки на параметрите на загадување и работиме на тоа од сегашната една мерна станица бројот да се зголеми на три.

Индустриските капацитети во согласност со Законот за животна средина се должни да извадат А или Б интегрирана еколошка дозвола, во зависност од капацитетот на производство. При тоа, апликацијата за дозволата се доставува на увид на граганите во општината и поивно барање се организира јавна расправа за дозволата. Во Општината Гази Баба веќе се организираше јавна расправа за дозволата на "Макстил" АД Скопје, каде граѓаните имаа можност да се информираат за процесите на производство и можното загадување. Нивните предлози и мислења ќе бидат земени во предвид пред из-

кои ќе им помогнат од отпадот да поизведат висококвалитетно губриво-компост. За посебно истакнување е и проектот "Дендропарк-училница во природа", кој се реализира во соработка на Здружението на студенти "Дрен", на Шумарски факултет и Регионалниот еколшки центар, а има за цел да се подобри и промовира постоејниот Дендропарк во рамките на Шумарскиот и Земјоделскиот факултет. На овој релативно мал простор има лоцирано преку 230 видови на растенија, а мал е бројот на граѓаните што тоа го знаат. Во рамките на проектот, во паркот се поставуваат постаменти со информации за видовите на растенија и нивните специфики, се уредува просторот, се поставија клупи и корпи за отпадоци, се изгради алпинетум а следуваат и едукативни мерки за промоција на дендропаркот.

Се надеваме дека во иднина, во рамките на нашите можности, но во соработка и со министерствата, правните субјекти , донаторите и нелвладините организации ќе се потрудиме да ги решиме приоритетните еколшки проблеми, а со тоа и да придонесеме кон значително подобрување на квалитетот на животна средина во Општина Гази Баба.

Една од најзначајните одлуки донесена од страна на Советот на Општина Гази Баба во 2007 година е Одлуката за основање Јавно комунално претпријатие на Општина Гази Баба, за руралното подрачје на Општината, вели Насе Ралев, раководител на Секторот за поддршка на градоначалникот и на Советото на општината.

Ова претпријатие е веќе основано и наскоро ќе отпочне со вршењето на основната дејност, собирање, транспортирање и депонирање на комунален цврст отпад.

-Исто така, со оглед дека веќе е склучена спогодба со Општината Илинден, се очекува на наредната седница на Советот на Општината да се донесе и Одлука за основање на меѓуопштинско јавно претпријатие, кое ќе врши обработка и испорака на вода за пиење во одредени населени места на подрачјето на двете општини, потенцира Ралев.

Од другите позначајни акти, што Општината Гази Баба ги донесе годинава, би требало да се споменат: Програмата за работа на Советот на Општината; Решенијата за именување членови на Управниот одбор и на Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на Јавното комунално претпријатие; Решенијата за избор на претседатели и членови на Комисиите на Советот на Општината; Решенијата за избор на директори на Основните училишта на територијата на Општината; Одлуката за утврдување надоместок на членовите на Советот; Одлуката за одобрување финансиски средства во висина од 200.000,00 денари за изградба на Манастирот "Свето Преображение" во Крушево, чија изградба ја финансираше веќе покојната музичка ѕвезда Тоше Проески.

Секторот за поддршка на градоначалникот и на Советот на Општина Гази Баба имаше низа активности годинава.

Вредни за споменување се: дооформувањето на едношалтерскиот систем, активностите околу збратимувањето на Општината Гази Баба со другите општини, надвор од Републиката, наскоро завршените активности во врска со опремувањето на штандот на Општината на Саемот на општините. Исто така, со пригодна свеченост беше обележана 31 годишнината од основањето на Општината по кој повод е издадена и Монографија на Општината.

Една од новините во Општина Гази Баба е едношалтерскиот систем кој веднаш ја покажа својата ефикасност. Во рамките на овој систем, воспоставена е електронска архива која треба да овозможи целосно автоматизиран процес на електронско чување и пребарување на документите, како и електронска дистрибуција на истите.

Документите (барања, молби, жалби) на граѓаните во електронска форма ќе се испраќаат до соодветниот Сектор односно до Кабинетот на градоначалникот (во зависност од тоа кој треба да одговори

# Поголема стручност и ефика

## Општината Гази Баба комплетно ги запознава граѓаните со правната регулатива преку издавањето сопствен "Службен гласник", во кој се објавуваат сите Одлуки и Заклучоци донесени од Советот на Општината



на истите), а потоа повторно електронски ќе се дистрибуираат до шалтерот од каде се известува корисникот да дојде по бараниот доцумент, односно одговорот што го барал.

-Во моментот, комуникацијата со граѓаните е сведена само на давање информации и нивно упатување до надлежните по Сектори, бидејќи е потребно да се спроведат уште неколку обуки за вклучување во новите технолошки текови за давање квалитетни и навремени услуги преку процесот на едношалтерско работење, објаснува Ралев.

Значајно е да се истакне и се поголемата активност и соработка со Месните и Урбаните заедници на подрачјето на Општината, во врска со решавањето на проблемите со кои се соочуваат. Од нив најзначајни се оние кои се поврзани со изградбата на инфраструктурата. За таа цел, во Одделенеието за месна самоуправа, вработени се и седум референти за административно технички работи, кои треба да им дадат стручна помош на претседателите и Советите на Урбаните и Месните заедници.

Правната регулатива која се однесува пред се на локалната самоуправа Ралев смета дека речиси и е донесена.

-Друго прашање е дали некои од законите како што се: Законот за Градот Скопје, Законот за територијалната организација на локалната самоуправа или Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, треба да претрпат измени. Но, тоа е веќе друга тема за дискусија. За поздравување е донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за донациите на имот, со кој се брише одредбата данок на имот да не се полаќа на деловните згради и деловните простори кои служат за вршење на дејноста на обврзникот, со што ќе се соберат повеќе средства во бу-

# сност во интерес на граѓаните



џетот на Општината, потенцира Ралев.

Тој смета дека на градоначалникот, (а со тоа и на општинската администрација) му се наметнати и ингеренции кои произлегуваат и од други закони како што се: Законот за управување со отпадот, Законот за основното образование, Законот за јавните претпријатија, Законот за спортот, прописите во врска со заштитата на животната средина и други.

-Ингеренциите очекувам и понатаму да се зголемуваат особено со влегувањето на Општината во втората фаза на фискалната децентрализација, вели Ралев.

Кога е во прашање пружењето помош на граѓаните, Општината Гази Баба е комплетно транспарентна.

-Голем број граѓани лично се обраќаат до мене како раководител на Секторот или до моите соработници во врска со давање правни совети, истакна Ралев.

Општината комплетно ги запознава граѓаните со правната регулатива преку издавањето сопствен "Службен гласник", во кој се објавуваат сите Одлуки и Заклучоци донесени од Советот на Општината.

-Со донесувањето на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, граѓаните се почесто доставуваат барања за вршење увид во актите на Општината за добивање податоци кои ги интересираат и се од јавен карактер, објаснува Ралев.

Од сево ова може да се заклучи дека Секторот за поддршка на Градоначалникот и Советот со бројот на вработените со кои располага ги извршуваше доверените работи и активности.

-Останаа и некои започнати, а незавршени работи кои ќе мора да ги завршиме наредната година. Тоа се: средување на архивската граѓа и обезбедување документација за сопственоста на Општината.

Во иднина, ќе се залагаме за постручно и поефикасно извршување на работните обврски во интерес на граѓаните, заклучи Ралев.



Апелираме до заинтересираните инвеститори да ја посетат населбата да го разгледаат Деталниот урбанистички план и да одберат локации за инвестирање во Керамидница





## ИНТЕРВЈУ СО САШО МИТЕВСКИ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УРБАНА ЗАЕДНИЦА ЌЕРАМИДНИЦА

# СО РЕАЛИЗАЦИЈАТА Керамидница

**Како Претседател на Урбана Заедница Ќерамидница, кажете ми како** функционира Советот на УЗ?

- Сите девет члена во Советот на Урбаната заедница, активно работиме во текота на целата година. Во зависност од потребите се собираме до десет пати годишно, ја правиме годишната програма за реализација на проблемите, и во соработка со Општината во зависност од нејзините можности работиме на нејзина реализација.

**Како се реализираат програмските активности на УЗ?**

- Годишните програми се предаваат во Општината, членовите на општинскиот совет ги разгледуваат истите. Во зависност од утврдените приоритети се решаваат проблемите.

**Каква е денес Ќерамидница? Што и фали на населбата?**

Ќерамидница долги години наназад немала никакви третмани од Градот за решавање на основните проблеми на населението. Поголемиот дел од индивидуалните семејни објекти се дивоградби и секој ги решавал проблемите индивидуално, што доведе до отежнато функционирање на населбата.Со донесување на Урбанистичкиот план за Ќерамидница и реализација на истиот поставени се основите и правецот на натамошниот развој на Ќерамидница. Новиот план овозможува легализација и регулирање на правниот статус на објектите во Ќерамидница, а воедно претставува добра можност за инвестирање во изградба на станбени, деловни објекти и слично.

**Каква е соработката со Јавните претпријатија, со Општина Гази Баба и градоначалникот Коце Трајановски?**

- Соработката со Јавните претпријатија и со Општината е на високо ниво, одлично соработуваме досега, се надевам и во



# НА ДЕТАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
# конечно ќе добие урбан лик

иднина. И градоначалникот Коце Трајановски во секое време спремен да не прими и да одговари на нашите барања.

**Кои се идните планови и активности на Урбаната заедница?**

- Сите планоови и активности се сведуваат на забрзано реализирање на Урбанистичкиот план за Ќерамидница. Како што реков во моментот населбата е лошо организирана како резултат на долгогодишната негрижа на надлежните органи со многи дивоградби и недостаток на основни содржини и со актуелната Локална самоуправа идни планови ги гледаме токму во реализација на Деталниот урбанистички план. Со него конечно населбата ќе заличи на урбана населба.



**Вашата визија, како ја гледате Ќерамидница во периодот што доаѓа?**

- Керамидница ја гледам како место со многу подобри услови за живеење. Големи инвестиции, легализација на градбите. Апелираме до заинтересираните инвеститори да ја посетат населбата да го разгледаат Деталниот урбанистички план и да одберат локации за инвестирање во Керамидница. По примерот на ФОН, најавата за деловниот објект на Ера Сити на Сајмиште, треба да се водат сите идни вложувачи во Гази Баба.




**ГОРАН ДИМИТРИЕВСКИ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МЕСНА ЗАЕДНИЦА ТРУБАРЕВО**

Соработката со градоначалниот Коце Трајановски е одлична, а потврда за тоа е фактот што најголемиот број од асфалтираните улици во последните 20 години се во неговиот мандат, тоа значи дека во последните 20 години ниеден градоначалник не најде сила да асфалтира ниту една улица во Трубарево, поради што жителите самои со свои пари асфалтираа многу улици

# Патот Р-103 е црна точка за

**Како е Трубарево денес, како претседател на Месната заедница, што прво би измениле во селото?**

За разлика од некои други населби кои се наоѓаат во источниот дел на Општина Гази Баба "Трубарево" е релативно нова населба што експанзија и проширување доживува во 70-тите години од минатиот век. Од овој период до денес се изградени повеќе од 800 индивидуални живеалишта, но и неколку големи производствени капацитети како на пример Месната индустрија "Мега" и друго. Но како што најчесто бива, растот на населените места во периферијата на Градот не значи и подобрување на условите за живот на неговите жители. Денес, населбата се соочува со неколку крупни проблеми, како што се: неасфалтирани улици, немање одводна канализација, проблеми со отстранување на цврстиот комунален отпад, за кои М.З. би сакала да се изнајде некое решение.

**Каква е состојбата со патната структура, има ли Трубарево, проблем со сообраќајното поврзување со централното градско подрачје?**

Како што веќе кажав локалните улици се делумно асфалтирани и тоа во последните неколку години, меѓутоа има многу локални улици кои се во очајна состојба. За разлика од нив сообраќајното поврзување со градското подрачје е извонредно бидејќи низ Трубарево поминува магистралниот пат М-103 односно стариот Автопат Скопје-Велес кој сега за сега е во одлична состојба. Но освен оваа добра страна овој пат на Трубарево му предизвикува огромни проблеми. Патот е праволиниски во должина од околу 2200 метри, нама тротоар ни препреки, широк е околу седум метри и





Стариот Автопат Скопје-Велес претставува проблем за Трубарево и неговите жители. Патот е праволиниски во должина од околу 2200 метри, а нама тротоар ни препреки, широк е седум метри и е "Писта" за брзите моторни возила. Само годинава има десетина тешки сообраќајни несреќи, четири жртви од пешаците жители на Трубарево, десетина трајни инвалиди исто така жители на Трубарево, ситуација што ги приморува родителите секој ден да ги носат и земаат своите деца од училиште

# населбата

претставува "Писта" за брзите моторни возила, поради што само годинава има десетина тешки сообраќајни несреќи, четири жртви од пешаците жители на Трубарево, десетина трајни инвалиди исто така жители на Трубарево, ситуација што ги приморува родителите на секој ден да ги носат и земат своите деца на училиште

**На што најчесто се жалат жителите од селото? Пристигаат ли нивните поплаки до Месната заедница?**

Месната заедница прима постојано поплаки од жителите на населбата. Најчесто се жалат на дивите депонии, на немањето одводна канализација, неасфалтирани улици, несоодветно поставена автобуска станица и еден од најголемите моментални проблеми, а тоа е немањето тротоар на магистралниот пат М-103 кој претставува огромна закана за животот на сите жители на Трубарево.

**Каква е Вашата соработка со Градоначалникот Коце Трајановски?**

Како Месна заедница може да кажеме дека соработката со Г-нот Коце Трајановски е одлична. Како потврда за тоа е фактот што најголемиот број од асфалтираните улици во последните 20 години се во мандатот на Г-динот Трајановски, односно тоа значи дека во последните 20 години ниеден Градоначалник не најде сила да асфалтира ниту една улица во Трубарево, поради што жителите од многу улици самите си ги асфалтираа со сопствени средства. Оваа прилика ја користиме јавно да му се заблагодариме за неговиот несебичен ангажман во подобрувањето на условите за живот на жителите на Трубарево.

**Го има ли Месната заедница клучот или идејата за решавање на проблемите во Трубарево? Идни планови, активности...**

Месната заедница има многу идеи за решавање на проблемите на нашите жители, и во соработка со Општината се трудиме да ги решиме, но се разбира тоа зависи од финансиските средства кои за жал се секогаш малку. Меѓутоа се на се ние во Месната заедница Трубарево сме оптимисти дека сепак ќе успееме да ги подобриме условите за живот на нашите жители, и да им овозможиме подобра иднина на нашите помлади генерации.

ОПШТИНАТА ИМА ИНДИЦИИ ЗА БРЗ РАЗВОЈ

# Секој би посакал да жи

**Колку сте задоволни од работењето на Советот на Општина Гази Баба?**

Не сум пристрасен, но мора да признаам дека ретко кој Совет во земјава, работи и функционира како Советот на Гази Баба. Сите советници од различни политички партии сме здружени и работиме во интерес на сите граѓани на Гази Баба. Прво сме колеги, а второ големи пријатели. Три години одлично соработуваме и донесуваме одлуки значајни за развојот на Општината и квалитетно живеење.

**Каква е вашата соработка со жителите на Гази Баба, на што најмногу ви се жалат и за што најчесто бараат помош од Советот?**

Советот е избран од граѓаните и работиме во нивен интерес. Секогаш се трудиме колку што можеме да одговориме на нивните барања. Најголем проблем според нив е безбедноста на територија на Општината. Пристигаат жалби за незадоволство од работењето на Јавните претпријатија. Жителите сакаат чиста општина и најчесто притискаат до Советот за решавање на комуналните проблеми. Но за не е виновен Советот на Општината, туку самите претпријатија, сепак ние колку можеме инсистираме до претпријатијата, за почиста Гази Баба.

Тука е и пролемот со кучињата скитници, кои за жал ги има во голем број по улиците во Гази Баба. Има и барања за уредување на парковите, улиците. А ние секако се трудиме да излеземе во пресрет на нивните барања.

**Што вие би измениле во Општината? Кој е приоритетот на Гази Баба?**

За мене приоритет е младината во Гази Баба. Да има многу повеќе објекти за собирање на младите, изградба на нови спортски сали, културни домови, детски игралишта, крим патеки. Значи објекти кои ќе ги активираат младите во убави нешта. Да се направи се за подобрување на културниот забавен живот. Јас како советник би направил се за младината.

**Колку вие како советник сте активни на седниците? Дали сте вклучен во некоја од комисиите?**

Вклучен сум во четири комисии, за урбанизам, за угостителство и туризам, во комисијата за локална самоуправа, а претседател сум на Комисијата за општествени дејноси. Работам и се грижам за решавање на проблемите во школите и градинките на територија на Гази Баба. Како советник досега не сум отсуствувал ниту на една седница, ниту пак на комисија. Најредовен сум и се трудам секогаш да работам за доброто на граѓаните



**РАТКО ИЛИЕВСКИ, СОВЕТНИК ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**



# вее во Гази Баба



| Членови на Советот на општина Гази Баба | |
|---|---|
| Кире Бузлиев претседател на Советот | (ЛП) |
| Ратко Илиевски | (ВМРО-ДПМНЕ) |
| Борис Јосифовски | (ВМРО-ДПМНЕ) |
| Марјан Крстевски | (ВМРО-ДПМНЕ) |
| Елизабета Спасовска | (ВМРО-ДПМНЕ) |
| Тони Трајковски | (ВМРО-ДПМНЕ) |
| Вукашин Стојанов | (ЛП) |
| Аница Пупиноска | (СПМ) |
| Дејан Наумовски | (ДС) |
| Благојче Трпковски | (независен) |
| Слободан Лаковски | (ТМРО) |
| Ељфет Исмаили | (ДПА) |
| Хајредин Сулис | (ПДП) |
| Хамзи Исени | (НДП) |
| Живко Зафировски | (ВМРО-НП) |
| Зоран Јовевски | (ВМРО-НП) |
| Соња Каранџулоска | (независен - поддржана од ВМРО-НП) |
| Зоран Коцевски | (ВМРО-НП) |
| Кирил Псалтиров | (ВМРО-МАК) |
| Јасминка Георгиева | (СДСМ) |
| Радмила Кирковска | (СДСМ) |
| Горанчо Паунов | (СДСМ) |
| Миодраг Станојевиќ | (НСДП) |
| Орде Стефков | (СДСМ) |
| Зоран Стојанов | (ЛДП) |
| Ерхан Али | (НА) |
| Џемаил Хамити | (НА) |

**Задоволни ли сте од досегашната соработка со градоначалникот Коце Трајановски?**

Нашата собаботка е на многу високо ниво. Кај него секогаш вратите се ширум отворени. Градоначалникот Трајановски секогаш е спремен за соработка, како со нас советниците, така и со граѓаните на Гази Баба. Во секое време добиваме прием кај него и разговараме за најгорливите проблеми и решавање на истите.

**И за крај, вашата визија, како ја гледате Гази Баба во иднина?**

Според местополжбата на Општината, Гази Баба ја гледам како најпрерспективна Општина. Секој човек да посака да живее во Општината. За неколку години гледам инвестициски бум. Тука е изградбата на новата населба Хиподром 2. Развивање на селски туризам, Гази Баба има прекрасни села. Заштита на парк шумата Гази Баба која е многу значаен белег за Општината. Опремување на Кејот на Вардар, со крим патеки и игралишта. За сето ова има можности и полека но сигурно во верувам дека во иднина сето тоа ќе биде направено.



## РАЗГОВОР СО МИРОСЛАВ МАРКОВСКИ РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА УРБАНИЗАМ



# ДУП-овите-економски бум за општината

**Колку и кои Детални урбанистички планови донесе годинава Советот на општината?**

Советот на Општина Гази Баба во текот на оваа година донесе вкупно шест детални урбанистички планови и тоа: "Топлификација" ( Енергана), Алкалиод - индустриска зона (Маџари) Скопски Саем (Ера Велеење), Финска - (горен дел) населба. Ченто,Технометал - до пазарот на големо "Маџари" - локалитет "СГ".

**Што значи нивното донесување за општината и за граѓаните?**

Сите детални урбанистички планови донесени годинава се од големо значење за економскиот развој на Општина Гази Баба, аналогно на тоа и за развојот на самите претпријатија. Граѓаните, пак ќе добијат потенцијална можност за нови вработувања кои што, исто така произлегуваат од изградбата на новопроектираните објекти.

**Кои од нив би ги извоиле како посебно значајни?**

Од посебно значење е ДУП-от "Топлификација" ( Енергана), која ќе биде лоцирана во населбата Керамидница и истата ќе биде од републичко значење. Објектот по значење е од прва категорија, ќе произведува електрична и топлинска енергија, а како енергенс ќе користи гас (плин).

Втор по значење е измената и допол-

# и потенцијална можност за вработување




**лед на тоа дека таа сега ги има сите ингеренциите од областа на урбанизмот?**

Бесправни градби на територијата на Општина Гази Баба егзистираат многу години station наназад. Проблемот со нив е комплексен и треба да се набљудува од повеќе аспекти: политички, социјални, урбанистички итн. За да се сведе на минимум нивниот број, Општината се труди најпрвин да изработи детални урбанистички планови со кои ќе се покрие целата територија на Општина Гази Баба. Преку јавни кампањи се врши известување до граѓаните како апел за легализација на објектите. За оние бесправни објекти кои не се вклопуваат во ДУП-овите издадени се решенија за уривање и истото се реализира етапно.

**Што станува со диво изградените објекти во делот на заштитената зона на парк- шумата "Гази Баба". Ќе превзема ли општината нешто околу тоа, бидејки луѓето од околината беа револтирани, зошто на тој начин се уништува зеленилото и самата заштитена зона?**

Во Генералниот план на Град Скопје донесен во јуни 2002 година на местото каде што се бесправните градби во парк-шумата "Гази Баба" е предвидена зона на домување, но ДУП-от на претходната градоначалничка гарнитура не се усвоил.

Ставот на скопскиот градоначалник и раководството на Општина Гази Баба е спротивен на сегашниот ГУП, односно зоната за домување да се врати во зона парк-шума како што било до 1998 година.

**Што ке се превзема во 2008 година, а што би било од посебно значење за урбанизирањето на општината и кои урбанистички планови што не се донесени годинава ќе се донесат во наредната?**

Во наредната 2008 година ќе се донесат следниве нови ДУП-ови што ќе го поттикнат развојот на општината: ДУП Хиподром -нова населба, ДУП Спортско рекреативен центар "Железара",ДУП "Студентски центар и Ветерина", ДУП "Кланица", ДУП "Автокоманда", ДУП "Енгро Туш", ДУП "Пивара", измена и дополнување на ДУП "Технометал" и ДУП ната на ДУП-от "Скопски Саем" (Ера Велење). Во тек е постапка за добивање на градежно-техничка документација за еден од потенцијалните и новопроектирани објекти со приближна површина од 35.000 м$^2$.

За потребите на фармацевтската индустрија АД "Алкалоид", направена е измена и дополнување на ДУП-от и врз основа на истите ќе се бараат нови стратешки партнери. Во урбаниот опфат разработени се нови урбанистички парцели за постоечките капацитети: АД "Текстил", "Лек"- Љубљана, "Електроелемент", "Електрометал" итн.

**Општината Гази Баба немаше некои посебни проблеми со урбаната мафија и беззаконието во областа на урбанизмот. Колку дивоградби се регистрирани на нејзиното подрачје? Што општината превзема нивниот број да се сведе на минимум, со ог-** спортски центар "Хиподром" - коњички спорт.

Очекуваме домашни и странски инвеститори да вложат значајни средства во новопроектитаните објекти од наведените ДУП-ови. Постои голем интерс од мешовити претпријатија кои ги проучуваат податоците за сопственоста на земјиштето на кое треба да се гради. Раководството на општината секогаш излегува во пресрет на инвеститорите.

*Почитувани жители на Општина Гази Баба,
Нова Година е празник на добро расположение,
најубави желби и честитки, дружења, веселби и
здравици. Ви ја честитам новата 2008-ма и
божиќните празници, со искрени желби
за весели, среќни и просперитетни 365 дена.*

***Коце Трајановски***

## Сервисни информации:

| | |
|---|---|
| Поликлиника - Ченто | 2 522 352 |
| Здравствена станица - Железара | 3 287 692; 3 278 758 |
| Здравствена станица - Автокоманда | 3 173 563 |
| Здравствена станица - с.Црешево | 2 575 358 |
| Здравствена станица - с.Булачани | 2 575 956 |
| Здравствена станица - Колонија Идризово | 2 546 463 |
| Гинекологија и акушерство РЕМЕДИКА | 2 603 100 |
| Домашна посета и патронажа - Гази Баба | 2 622 331 |
| Ветеринарна болница | 3 120 394 |
| Полициска станица - Гази Баба | 3 223 490 |
| Пожарна | 193 |
| Регионален центар за управување со кризи-Гази Баба | 3 240 000 |
| **Пријава на ПТТ дефекти** - Ченто | 9777 |
| приградски | 9779 |
| Детско СОС село | 2 520 424 |
| Хотел Континентал | 3 116 599 |

## Контакти со општина Гази Баба

**Адреса:**
Бул. "Александар Македонски" 66, Скопје

**Телефони:**

| | |
|---|---|
| Градоначалник | 02/ 3 22 66 55 |
| Претседател на Совет | 02/ 3 22 56 55 |
| Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на општината | 02/ 3 22 59 32 |
| Сектор за финансии и буџет, локален економски развој, јавни набавки и развој на информациски систем | 02/ 3 22 56 55 |
| Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште | 02/ 3 23 95 34 |
| Сектор за инспекциски работи - инспекторат | 02/ 3 22 28 76 |
| **Факс** | 02/ 3 21 51 12 |
| **e-mail** | **contact@gazibaba.gov.mk; kabinet@gazibaba.gov.mk** |
| **Интернет адреса** | **www.gazibaba.gov.mk** |

## ЦЕНОВНИК ЗА РЕКЛАМЕН ПРОСТОР

| | |
|---|---|
| Цела страница | 200 евра |
| Половина страница | 125 евра |
| Третина страница | 90 евра |
| Четвртина страница | 70 евра |
| Осмина страница | 40 евра |
| Лого на насловна страница | 500 евра |
| Последна страница | 400 евра |
| Еден см² | 1 евра |
| Инсертирање флаер | 1.000 евра |

(Цените се без вклучен ДДВ)

Весникот ОГБ се печати на 32 колорни страници со формат А4. Излегува еднаш на три месеци во тираж од 20.000 примероци. Рекламите се доставуваат во TIFF формат и резолуција од 300 dpi. За изнајмување рекламен простор однапред за неколку броеви следува попуст. (За 6 месеци 15% и за 12 месеци 20%)

Општина Гази Баба

**Главен и одговорен уредник:**
Емилија Кипровска

**Заменик главен и одговорен уредник:**
Неделчо Крстевски

**Компјутерска обработка и дизајн:**
Дејан Стојанов

**Печати:**
Европа 92

**Тел:**
02/3 22 66 55
3 23 89 66